USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ТЕСНИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ ПАРИТЕ И ПОЛИТИКАТА

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ТЕСНИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ ПАРИТЕ И ПОЛИТИКАТА

ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**ТЕСНИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ ПАРИТЕ И ПОЛИТИКАТА**

**Издавачи:**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Транспаретност Македонија (ТМ)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС
Ана Јаневска Делева, извршен директор, ТМ

**Автори:**
Ана Јаневска-Делева
Цветанка Михајловска

**Лектура:**
Даниел Медароски

**Дизајн:**
Кома

ИСБН: 978 -608-4681-53-3

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
**Контакт:**
МЦМС, **адреса:** ул. Никола Парапунов бр. 41а
пошт. фах 55, 1060 Скопје;
**тел.:** +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
**е-пошта:** mcms@mcms. mk; веб-страница: www.mcms.mk.
**Scribd:** http://www.scribd.com/people/documents/2996697
**SlideShare:** http://www.slideshare.net/mcms_mk
**Facebook:** http://www.facebook.com/mcms.mk
**Twitter:** http://twitter. com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата единствено за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Публикацијата е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Содржината на публикацијата е одговорност на авторите Ана Јаневска-Делева и Цветанка Михајловска и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 5

РЕГУЛИРАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО
НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ........ 6

КАКО И КОЈ ГО КОНТРОЛИРА ФИНАНСИРАЊЕТО
НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ........ 7

АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ........ 11

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........ 19

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 21

ПРОФИЛ НА АВТОРИТЕ ........ 22

# ВОВЕД

Врската помеѓу парите и политиката е неизбежна, очекувана, повторлива, универзална и сосема веројатно нераскинлива. Сето ова е разбирливо имајќи предвид дека политичките партии имаат потреба од пари за да развијат програми, да учествуваат во политички натпревар, да победат на избори и да практикуваат власт. Меѓутоа оваа меѓузависност носи сериозни ризици да прераресне во опасна врска токму кога партијата ја има власта. Противуслугите во форма на посебен третман се вид на корупција што најчесто ги разјадува демократиите низ светот. Политичките партии се столбови на современите демократии. Тие се клучни за генерирањето активни политички актери и создавање политики кои преку избори и легитимно владеење прераснуваат во политички решенија. Оттука, како креатори на политичкиот живот во едно општество, политичките партии потенцијално се носители не само на моќ, туку и на одговорност за негување на демократските принципи. Токму и затоа начинот и контролата на нивното финансирање е важно за создавање и одржување стабилен и легитимен политички систем.

Противуслугите во форма на посебен третман се вид на корупција што најчесто ги разјадува демократиите низ светот.

# РЕГУЛИРАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Финансирањето на политичките партии е регулирано со следниве закони: Законот за политичките партии[1], Законот за финансирање на политичките партии[2], Законот за спречување на корупцијата[3] и Изборниот законик[4]. Сите овие закони со кои се регулира финансирањето на политичките партии содржат јасни правила на игра и поголема транспарентност.

# КАКО СЕ ФИНАНСИРААТ И КАКО НЕ СМЕАТ ДА ФИНАНСИРААТ ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ?

Политичките партии се непрофитни организации и се финансираат од јавни и приватни извори на финансирање, односно:

- Јавни извори на финансирање - 0,06 % од буџетот на Република Македонија од кои 30% од овие средства се распределуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број од гласовите на избирачите кои гласале на последните парламентарни, односно локални извори. Останатите 70% се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието, односно советници во општините на последните парламентарни, односно локални избори;

1 Закон за политички партии (Службен весник на Република Македонија бр. 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13)

2 Закон за финансирање на политичките партии (Службен весник на Република Македонија бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13)

3 Закон за спречување на корупцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 28/02,46/04,126/06,10/08,161/08,145/10)

4 Изборен законик (Службен весник на РМ, бр. 40/06,127/06, 136/08,148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13,14/14)

- Приватни извори на финансирање - членарини, донации (пари, материјални средства или услуги), подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал. Вкупниот износ на поединечна донација не смее да ја надмине сумата од 150 просечни плати од правни лица и 75 просечни плати од физички лица.

Политичките партии не смеат да се финансираат од: влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, јавни установи, јавни претпријатија, јавни фондови или други правни лица кои располагаат со државен капитал; претпријатија кои имаат најмалку 20 % учество на државен капитал, јавни установи и институции, вклучувајќи ги и тие што го започнале процесот на приватизација; здруженија и фондации, верски заедници или религиозни групи; и анонимни и неидентификувани извори. Политичките партии исто така не смеат да имаат средства во странски банки и други финансиски институции надвор од Република Македонија.

**Политичките партии не смеат да се финансираат од: влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, јавни установи, јавни претпријатија...**

**Политичките партии исто така не смеат да имаат средства во странски банки и други финансиски институции надвор од Република Македонија.**

## КАКО И КОЈ ГО КОНТРОЛИРА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ?

Финансирањето на политичките партии се контролира преку нивната обврска да изготват:

- **Годишен извештај за добиените донации** кој го доставуваат до Државниот завод за ревизија и до Управата за јавни приходи;
- **Годишен финансиски извештај** за претходната година, и тоа најдоцна до 31 март кој се должни да го објават на своите веб-страници и да го достават до Државниот завод за ревизија;

- **Годишна сметка за финансиско работење**, која ја објавуваат на своите веб-страници и ја доставуваат до Управата за јавни приходи, до Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија.

**Доколку донаторот го надмине дозволениот износ на донацијата, тој ќе биде казнет со износ од 1.000 до 2.000 евра, ако се работи за физичко лице, и со износ од 5.000 до 10.000 евра доколку станува збор за правно лице.**

Законската рамка за политичкото финансирање им дава надлежност на низа институции во контролниот механизам. Клучно тело е Државниот завод за ревизија, чија улогата се зајакна со измените на Законот за финансирање од 2011 и од 2012 година[5]. ДЗР ги евалуира годишните финансиски извештаи на политичките партии и доколку утврди неправилности во овие извештаи, должен е да поднесе барање за поведување прекршочна постапка или пријава до јавниот обвинител. Понатаму, ДЗР има обврска секоја календарска година да спроведе ревизија за претходната година над сите регистрирани политички партии. Оттука, а во согласност со Законот за државната ревизија[6], доколку овластениот државен ревизор при ревизијата оцени дека субјектот на ревизија сторил прекршок или кривично дело, должен е веднаш да ги извести надлежните органи: Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Јавното обвинителство на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи. Овие органи мора да постапат по известувањето од ДЗР и да поведат прекршочна, односно кривична постапка.

За прекршување на погоренаведените обврски, Законот за финансирање на политичките партии предвидува соодветни парични казни. Доколку донаторот го надмине дозволениот износ на донацијата, тој ќе биде казнет со износ од 1.000 до 2.000 евра, ако се работи за физичко лице, и со износ од 5.000 до 10.000 евра доколку станува збор за правно лице. Партиите што на донаторот нема да му ја вратат разликата во средствата што го надминуваат законското ограничување, или нема да ја префрлат донацијата во буџетот на РМ (ако се работи за средства од анонимен донатор), ќе бидат казнети со најмалку петкратен, а најмногу дваесеткратен износ од висината на донираната вредност. Партиите ќе бидат казнети со најмалку 5.000, а најм-

5 Измени поттикнати од препораките V на ГРЕКО од евалуацијата од 2009 г.

6 Член 35, Закон за државна ревизија (Службен весник на РМ, бр. 66/2010, 145/2010)

ногу 10.000 евра, доколку не ја почитуваат обврската за поднесување на погореобјаснетите извештаи, и со казна од 1.000 до 2.000 евра ако не го објават регистарот на донации. Како олеснување за партиите се јавува можноста за порамнување, постапка што се води пред надлежен суд пред поднесување на барањето за поведување прекршочна постапка.

Губењето на правото на финансирање од национален буџет е санкција што е предвидена во два случаи. Првиот, кога се работи за стекнување и противправно користење средства од забранетите извори и санкцијата се однесува на наредната година (забранетите средства им се одземаат на партиите, односно се префрлаат на државниот буџет со намена за хуманитарни цели). Вториот е кога партијата во пропишаниот рок нема да го објави годишниот финансиски извештај и санкцијата се однесува за период од три месеци. Оваа санкција се применува независно од прекршочната одговорност и одлуките за нив ги донесува министерот за правда на предлог на ДЗР.

Измените кои беа направени во 2012 година предвидуваат дополнителна санкција - суспензија на исплатата на средства за редовно годишно финансирање, која по предлог на ДЗР ја донесува министерот за правда, а се однесува на неисполнувањето на обврската за доставување годишен финансиски извештај, извештај за добиените донации и годишната сметка во пропишаниот рок, како и за необјавување на регистарот на донации. Суспензијата трае до уредно исполнување на обврските, меѓутоа не постои прецизен рок. Во третот круг на оцена од страна на ГРЕКО за транспарентноста на финансирањето на партиите, во препораката број 6 стои: а) да се осигури механизмот за изрекување санкции за повреди на правилата за политичко финансирање да функционира ефективно во практиката; и (б) првенствено да се осигури санкцијата загуба на јавно финансирање за политичките партии и организаторите на изборната кампања да може да се примени во практиката. Донаторот ако

**Губењето на правото на финансирање од национален буџет е санкција што е предвидена во два случаи: при стекнување и противправно користење средства од забранетите извори и кога партијата во пропишаниот рок нема да го објави годишниот финансиски извештај.**

**Партиите што на донаторот нема да му ја вратат разликата во средствата што го надминуваат законското ограничување, или нема да ја префрлат донацијата во буџетот на РМ (ако се работи за средства од анонимен донатор), ќе бидат казнети со најмалку петкратен, а најмногу дваесеткратен износ од висината на донираната вредност.**

го надмине дозволениот износ на донацијата, тој ќе биде казнет со износ од 1.000 до 2.000 евра, ако се работи за физичко лице, и со износ од 5.000 до 10.000 евра доколку станува збор за правно лице. Партиите што на донаторот нема да му ја вратат разликата во средствата што го надминуваат законското ограничување, или нема да ја префрлат донацијата во буџетот на РМ (ако се работи за средства од анонимен донатор), ќе бидат казнети со најмалку петкратен, а најмногу дваесеткратен износ од висината на донираната вредност. Партиите ќе бидат казнети со најмалку 5.000, а најмногу 10.000 евра, доколку не ја почитуваат обврската за поднесување на погореобјаснетите извештаи и со казна од 1.000 до 2.000 евра ако не го објават регистарот на донации. Како олеснување за партиите се јавува можноста за порамнување, постапка што се води пред надлежен суд пред поднесување на барањето за поведување прекршочна постапка.

Губењето на правото на финансирање од републичкиот буџет е санкција што е предвидена во два случаи. Првиот, кога се работи за стекнување и противправно користење средства од забранетите извори и санкцијата се однесува на наредната година (забранетите средства им се одземаат на партиите, односно се префрлаат на државниот буџет со намена за хуманитарни цели). Вториот е кога партијата во пропишаниот рок нема да го објави годишниот финансиски извештај и санкцијата се однесува за период од три месеци. Оваа санкција се применува независно од прекршочната одговорност и одлуките за нив ги донесува министерот за правда на предлог на ДЗР.

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ

Бидејќи по правило злоупотребите на позициите и можноста за ризик од корупција се јавуваат кај партиите кои се на власт, во оваа анализа ќе бидат разгледани два примери за тоа како се финансираат политичките партии во Македонија во период кога се на валст, односно, првиот случај се однесува на Ревизорските извештаи за политичката партија ВМРО-ДПМНЕ за 2013 и 2014 година додека во вториот случај ќе бидат анализирани договорите за лобирање односно средствата кои ВМРО ДПМНЕ ги исплаќа на фирми за лобирање во САД.

## Што покажаа извештаите на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за 2013 г. и за 2014 г. за финансирањето на ВМРО-ДПМНЕ?

ДЗР во својот ревизорски извештај за ВМРО-ДПМНЕ за вонредните избори во 2011 година практично ги амнестираше неправилностите на ВМРО ДПМНЕ, со тоа што спротивно на законските одредби го прифати како сосема нормално превземањето на долгот од 3,3 милиони евра направен на изборната сметка на ВМРО ДПМНЕ како долг на партијата, кој потоа се исплати од партиската сметка. Во тоа време, група пратеници поднесе барање за автентично толкување на чл. 71 (5) од Изборниот законик, Владата „му предложи“ на Собранието да не го стави тоа барање на дневен ред, токму повикувајќи се на наодот на ДЗР кој ја констатира фактичката состојба со долгот од над три милиони евра и фактички востанови ново изборно правило надвор од Законот, Собранието и постапката! Собранието постапи по „сугестија“ на Владата и никогаш не го стави ова барање на дневен ред.

**ДЗР во својот ревизорски извештај за ВМРО-ДПМНЕ за вонредните избори во 2011 година направи легализација на криминалот на ВМРО-ДПМНЕ, со тоа што спротивно на законските одредби го прифати како сосема нормално преземањето на долгот од 3,3 милиони евра направен на изборната сметка на ВМРО ДПМНЕ како долг на партијата, кој потоа се исплати од партиската сметка.**

Во 2013 г. Државниот завод за ревизија ревидирал, меѓу другите, 4 извештаи[7] на ВМРО-ДПМНЕ – 3 кои се однесуваат на изборите и еден кој се однесува на препораките на ДЗР од 2010 година и партиската сметка од 2012 година. Ревизијата била спроведена во периодот 20.05.2013-21.06.2013 година, а завршен состанок меѓу ревизорите и одговорните од политичката партија се одржал на 16 јули 2013 година. Сите 4 извештаи имаат **мислење со резерва**, што во практиката значи **негативно мислење**. Во извештајот се наведува дека тоа е заради неможноста на ревизорите да ја утврдат природата на трошоците или донациите кои произлегуваат од десетиците договори за закуп што ги склучила ВМРО-ДПМНЕ за потребите на изборната кампања, како и соодветен акт за бројот и седиштата на партиските штабови. Партијата, незадоволна од нацрт-ревизорскиот извештај и сметајќи дека се работи за минимална вредност во однос на вкупно ангажираните средства, поднесува забелешки на нацрт-извештајот дури на 1 ноември! ДЗР ги третира овие забелешки како „известување за утврдени состојби“ и на 15 ноември го затвора извештајот онака како што бил формулиран во нацртот.

Но, фактот дека најголемиот дел од содржината на ревизорските извештаи се состои од аргументација поврзана со законските недостатоци во оваа област, може да се толкува дека ДЗР бил изложен на влијание, а најверојатно и притисок, затоа што сите прекршувања на изборниот законик што ги направи ВМРО-ДПМНЕ се прикажани како законски недостатоци, а „финансискиот извештај за приходите и расходите за период 04.03.2013-21.05.2013 година го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со законската регулатива“. Исто така, според мислењето на ревизорите, „финансиските трансакции и информации рефлектирани во

7 Завршен извештај на овластен државен ревизор за ВМРО-ДПМНЕ сметка број 210068504210164 - Изборна кампања 2013 г., Завршен извештај на овластен државен ревизор за ВМРО-ДПМНЕ сметка број 210068504050114 - Изборна кампања 2013 г., Завршен извештај на овластен државен ревизор за ВМРО-ДПМНЕ сметка број 210068503830118 - Изборна кампања 2013 г., Завршен извештај на овластен државен ревизор за редобно работење на ВМРО-ДПМНЕ за 2012 г.

финансискиот извештај на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики“.[8]

Во двата исказа се наведува дека ваквото мислење не се однесува на погореспоменатиот дел со договорите за закуп. Но она што е интересно е – повторно: зошто две третини од ревизорските мислења содржат елаборација на законските недоследности, а заклучоците се дека извештаите и практиките биле во согласнот со законите? Иако можеме да се согласиме дека предлозите за законски измени дадени од страна на ДЗР можат да се набљудуваат како добронамерни и корисни, ваквата содржина на ревизорските извештаи е крајно невообичаена со сосем видлив обид да се дефокусира и релеватизира вината на ВМРО-ДПМНЕ во флагрантното кршење на Изборниот законик. Така во ревизорскиот извештај за партијата во 2012 година, кога необјавувањето на регистарот на донации, што е експлицитна законска обврска, се покрива со „постоење системска слабост“ во форма на отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на донации. Токму за овој конкретен извештај, партијата не поднела забелешки. Но, она што е суштинско во овој извештај (кој значи не се однесува на изборите во 2013 г.) е податокот за средствата со кои располагала партијата во 2011 и во 2012 година, од што се заклучува дека „прифатениот долг“ од 3,3 милиони евра наследен од изборите во 2011 година, ниту е подмирен, ниту постои можност да биде подмирен. Не постои никаква законска можност за отпишување, преземање или каква и да е манипулација со создадените, а непокриени обврски од изборната кампања. Со ова ДЗР го легализира огромниот прилив на изборната сметка на ВМРО-ДПМНЕ по завршувањето на изборите спротивно на Изборниот законик.

8 Завршен извештај на овластен државен ревизор за ВМРО-ДПМНЕ сметка број 210068504210164 - Изборна кампања 2013 г., Завршен извештај на овластен државен ревизор за ВМРО-ДПМНЕ сметка број 210068504050114 - Изборна кампања 2013 г., Завршен извештај на овластен државен ревизор за ВМРО-ДПМНЕ сметка број 210068503830118 - Изборна кампања 2013 г., Завршен извештај на овластен државен ревизор за редобно работење на ВМРО-ДПМНЕ за 2012 г.

**ДЗР ја затскрива вистинската природа на корруптивните финансиски односи меѓу партијата на власт и медиумите. Со префрлање на вината единствено врз медиумите, ДЗР го легитимира корруптивниот однос на партијата и одредени медиуми и манипулациите кои се вршат.**

Што се однесува пак до точка 6 од извештајот за трошоците од пропаганда, ДЗР ја затскрива вистинската природа на коруптивните финансиски односи меѓу партијата на власт и медиумите. Со префрлање на вината единствено врз медиумите, ДЗР ја „ослободи“ партијата од законските обврски.

Во однос на претседателските избори, според одредбите на Изборниот законик, ВМРО-ДПМНЕ поднесе три периодични извештаи до крајот на изборната кампања, и тоа на 3, 14 и 28 април 2014 г. Овие извештаи покажуваат кумулативно приходи од донации во износ од **485 илјади евра**. Истовремено, известени се расходи во износ од **770 илјади евра**. Така, со завршувањето на вториот изборен круг, ВМРО-ДПМНЕ за претседателските избори создаде дупка од **285 илјади евра,** и тоа е реалната состојба во моментот на завршувањето на претседателските избори. Во постизборниот период, со претседателската изборна сметка не се случува ништо. Во меѓувреме, на 30 април, ДИК ја одржува својата 100-та седница на која носи заклучок за конечните резултати од претседателските избори, објавувајки дека г. Ѓорге Иванов е новиот претседател со освоени 534.910 гласови. На 2 мај во ДИК на г. Иванов му го предаваат Уверението за претседател. На изборната сметка не се случува ништо и останува состојбата со минусот од 285 илјади евра.

Според член 85 од Изборниот законикот, партиите треба веднаш по изборите, а најдоцна 30 дена по изборниот ден, до надлежните институции (Државна изборна комисија, ДЗР, Државна комисија за спречување корупција) да достават завршен финансиски извештај. Така, ВМРО-ДПМНЕ на 25 мај го потпишува, а на 26 мај го предава завршниот финансиски извештај за претседателските избори. Но, во тој извештај повеќе немаше минус од **285 илјади евра**. Имено, за практично **2 дена**, во периодот од 21 до 23 мај, на претседателската изборна сметка беа внесени **260 илјади евра**. Во Завршниот извештај, исто така, е известено дека во постизборниот период се направени расхо-

ди од речиси **110 илјади евра**. Така, со измените на состојбата на претседателската изборна сметка, салдото покажува минус од **130 илјади евра**. Кога ќе се пресмета износот што државата треба да ѝ го плати на ВМРО-ДПМНЕ за претседателските избори, доаѓаме до износот од **8 милиони, 23 илјади и 650 денари –** колку што точно изнесува минусот известен во завршниот финансиски извештај за претседателските избори.

Истото се случи и во однос на предвремените парламентарни избори, според одредбите на Изборниот законик, ВМРО-ДПМНЕ поднесе два периодични извештаи до крајот на изборната кампања, и тоа на 17 и 28 април. Во првиот извештај е известено дека ВМРО-ДПМНЕ од членарина има приход од **850.000 евра**. Бидејќи известените расходи во првиот извештај се **714 илјади евра**, состојбата во првиот извештај е во позитива од околу **135 илјади евра**. Истата оваа сума е прикажана како приход во вториот периодичен извештај, со истиот основ - членарина. Расходите, пак, известени во вториот периодичен извештај се искачиле до **728 илјади евра**, со што е известен минус од **593 илјади евра**. И тоа е состојбата заклучно со крајот на изборите.

Во постизборниот период, состојбата со изборната сметка за парламентарните избори останува без промени. На 10 мај се одржа конститутивната седница на новиот парламентарен состав и во наредните 10 дена немаше никакви промени на изборната сметка на ВМРО-ДПМНЕ. Според одредбите на Изборниот законик, крајниот рок за доставување на завршниот финансиски извештај за вонредните парламентарни избори е 20 мај. Иако завршниот финансиски извештај е потпишан токму на 20 мај, тој е примен во ДКСК на 22 мај. Но, ова мало задоцнување само по себе нема некакво суштинско значење, освен што токму на 21 мај се впишани донации на околу 110 донатори на партијата. Но, не само тоа: за **2 дена**, на 20 и 21 мај, по истечениот рок за доставување извештај, на сметката се впишани спектакуларни **445 илјади евра** на име донации!

**Во првиот извештај е известено дека ВМРО-ДПМНЕ од членарина има приход од 850.000 евра. Бидејќи известените расходи во првиот извештај се 714 илјади евра, состојбата во првиот извештај е во позитива од околу 135 илјади евра. Истата оваа сума е прикажана како приход во вториот периодичен извештај, со истиот основ - членарина.**

**Намалувањето на расходите за реклама и пропаганда изнесува цели 50 илјади евра – значи, до крајот на изборите рекламирањето на ВМРО-ДПМНЕ чини 1 милион и 280 илјади евра, а еден месец потоа тој расход е 1 милион и 230 илјади евра!?**

Понатаму, во завршниот финансиски извештај за парламентарните избори,[9] пријавени се расходи во износ од **1 милион и 412 илјади евра.** Меѓутоа, кумулативните расходи од двата периодични извештаи изнесуваат **1 милион и 442 илјади евра**, што значи дека прво се пријавени, а потоа исчезнати расходи во износ од над **30 илјади евра**. Деталната споредбена анализа покажува дека некои расходи прикажани во завршниот финансиски извештај се зголемиле во однос на кумулативните расходи од периодичните извештаи (комуникациите за 5 илјади евра, печатењето за над 23 илјади евра итн.), но симптоматично е дека во таа споредба некои расходи се намалиле: на пример, изнајмувањето простор и опрема до крајот на изборите чинело речиси 23 илјади евра, а во завршниот извештај овој расход изнесува речиси 12 илјади евра; намалувањето, пак, на расходите за реклама и пропаганда изнесува цели 50 илјади евра – значи, до крајот на изборите рекламирањето на ВМРО-ДПМНЕ чини **1 милион и 280 илјади евра**, а еден месец потоа тој расход е **1 милион и 230 илјади евра**!?

Најпосле, ВМРО-ДПМНЕ во својот завршен финансиски извештај за парламентарните избори пријавува вкупни приходи (**850 илјади евра** од членарини и **445 илјади евра** од донации надвор од законскиот рок) во износ од речиси **1 милион 295 илјади евра**, додека известениот расход, спомнат погоре, изнесува **1 милион и 412 илјади евра.** Со тоа, оваа партија известува дека постои дупка од речиси **118 илјади евра**, иако минусот на оваа партија со денот на завршувањето на изборите изнесуваше речиси **600 илјади евра**! Така, остана уште едно неодговорено прашање – како ВМРО-ДПМНЕ го покри ова минусно салдо.

Според официјалните податоци на ДИК, на вонредните парламентарни избори победи ВМРО-ДПМНЕ со освоени 481 илјада и 615 гласови. Според одредбите на Изборниот законик, на партијата ѝ следува надомест од 15 денари по освоен глас. Така, износот што државата треба да му го исплати на ВМРО-ДПМНЕ

9 Завршен извештај на ДЗР за изборна кампања на ВМРО-ДПМНЕ за 2014 г.

износува **7 милиони, 224 илјади и 225 денари!** Точно толку колку што изнесуваше минусот известен во конечниот финансиски извештај за парламентарните избори! Што значи сето ова е само една добро изведена калкулација, односно минусот на сметките да се покрие со средствата добиени од надоместокот по освоен глас.

Вториот случај во оваа анализа се однесува на објавените копии од договорите за лобирање на ВМРО-ДПМНЕ. Договорите беа објавени во месец јануари 2016 година и се достапни на веб-страницата на „Foreign Influence Explorer“[10]. Преку овие договори стана јасно дека политичката партија ВМРО-ДПМНЕ ангажирала неколку американски компании за политичко лобирање во САД. За појаснување, лобирањето и консултациите се легална и легитимна активност во САД. Согласно договорите, вкупните суми кои досега се објавени изнесуваат околу **1,7 милиони долари**, што, за македонски услови, претставуваат **огромни финансиски износи** со кои, очигледно, располага оваа партија. Во наведените суми не се вклучени патните, дневните и други трошоци кои ќе произлезат од склучените договори со овие лоби-фирми. Затоа, се поставуваат прашањата од каде ѝ се на партијата ВМРО-ДПМНЕ овие пари, како е можно партијата да си го дозволи овој луксуз, колку пари има оваа партија и кое е потеклото на истите?

Со Законот за спречување на корупцијата, во член 13, е предвидено кога постојат основи за сомневање дека буџетски средства или средства од јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица... непосредно или посредно се користат за изборна кампања или воопшто за финансирање изборна **или друга политичка активност**, ДКСК презема мерки за утврдување на таквите сомневања. Несомнено, средствата за лобирањето на ВМРО-ДПМНЕ може да се сметаат за „друга политичка активност“, а во функција на претстојните паламентарни избори, од

**Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ ангажирала неколку американски компании за политичко лобирање во САД. Лобирањето и консултациите се легална и легитимна активност во САД. Согласно договорите, вкупните суми кои досега се објавени изнесуваат околу 1,7 милиони долари, што, за македонски услови, претставуваат шокантни финансиски износи со кои, очигледно, располага оваа партија.**

10 http://foreign.influenceexplorer.com/payment-table?client_id=130251

Средствата за лобирањето на ВМРО-ДПМНЕ може да се сметаат за „друга политичка активност“, а во функција на претстојните паламентарни избори, од што произлегува дека ДКСК е надлежна да реагира и да отвори постапка за утврдување на изворите на средствата за финансирање на ваквите активности на ВМРО-ДПМНЕ.

што произлегува дека ДКСК е надлежна да реагира и да отвори постапка за утврдување на изворите на средствата за финансирање на ваквите активности на ВМРО-ДПМНЕ.

Во Законот за финансирање на политичките партии, пак, е пропишано дека **финансирањето на политичките партии е јавно и транспарентно, со целосен увид од страна на граѓаните и надлежниот орган за контрола на финансиско-материјално работење**. Исто така, **изворите на финансирање** на политичките партии, **се јавни и транспарентни** и подлежат на контрола од надлежните орагни за финансиско-материјално работење. Согласно член 5 од овој закон, секој **граѓанин има право на еднаков пристап во увидот на финансирањето на политичката партија**. Приходите и расходите на политичката партија се јавни.

За овој случај, едно е сигурно, а тоа е доколку оваа партија може да си ја дозволи оваа сума на пари за лобирање, тогаш партијата може да си дозволи милиони за избори.

Останува на надлежните инситуции да извршат проверка на сметките на партијата, односно дали парите се пријавени или станува збор за нешто друго, како на пример сомнителни непријавени донации.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Од анализата на ревизорските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за 2013 и 2014 г., може да се заклучи дека постојат основани сомневања дека партијата се наоѓала во законски деликатна состојба на потенцијално перење пари. Затоа, во иднина неопходно е вклучување на ДИК, на ДКСК, на Јавниот обвинител и на Државниот завод за ревизија во расчистувањето на овие сомневања за финансиското работење на владејачката партија. За расчистување на ситуацијата, како ВМРО-ДПМНЕ така и другите политички партии е потребно да ги стават своите финансиски документи на својата интернет-страница и на таков транспарентен начин да помогнат во разјаснување сериозни прекршувања на законите.

2. ДЗР во извештаите за политичките партии се занимава со системски слабости, а не со конкретни наоди кои се однесуваат на работењето и внатрешните практики на партиите. Потребно е во иднина ДЗР да се фокусира на идентификување на фактичките недостатоци во известувањето од страна на политичките партии.

3. Иако сите измени на Законот за финансирање на политичките партии во последнава декада дадоа релативно кохерентна и сеопфатна законска рамка, сепак во пракса не обезбедија поголема јавност на финансирањето. Во последните години една од најголемите пречки при анализи на состојбите во финансирањето на политичките партии е затвореноста и недостапноста на политичките партии. Ваквата состојба е недозволена и бара итна промена на Законот за политички партии, со што ќе се бараат повеќе податоци за контакт на политичките партии и нивно почесто ажурирање. Ова треба да вклучи и задолжително изготвување и одржување веб-страница, што не претставува финансиски товар за политичките партии, а бездруго е клучен елемент за остварување јавност и транспарентност во согласност со законските барања.

**Согласно ревизорските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за 2013 и 2014 г., постојат основани сомневања дека партијата се наоѓала во законски деликатна состојба на потенцијално перење пари.**

**Измените на Законот за финансирање на политичките партии во последнава декада дадоа релативно кохерентна и сеопфатна законска рамка, сепак не обезбедија поголема јавност на инансирањето.**

**Без постоење ефикасен систем за контрола, не може да се очекува да се подигне нивото на јавност и отчетност кај партиите.**

**Потребно е и обезбедување независност и непристрасност на надлежните институции.**

4. Многу мал број политички партии во РМ на своите веб страници ги имаат објавено финансиските извештаи. Така, на веб страна на СДСМ иако има категорија финансискит извештаи, нема објавено ниту еден финансиски извештај. Политичките партии ВМРО ДПМНЕ и ДУИ немаат ниту категорија финансиски извештаи на своите веб страници. Како позитивен пример е политичката партија ЛДП која го има објавено финасискиот извештај за 2015 г.
5. ДЗР согласно со член 22 од Законот за државна ревизија и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии, е должен да спроведе надзор над финансиско-материјалното работење на сите политички партии и истиот задолжително треба да се спроведува секоја година за претходната година. Меѓутоа, заради недоволен човечки капацитет на ДЗР погоренаведеното не се остварува, а без постоењето ефикасен систем за контрола, не може да се очекува да се подигне нивото на јавност и отчетност кај партиите. Сите напори, обуки, дебати и измени на законите се излишни доколку не постои конзистентна и ефикасна контрола.
6. Покрај неопходното воспоставување јасни и недвосмислени процедури за примена на санкциите против прекршителите на правилата за финансирање, потребно е и обезбедување независност и непристрасност на надлежните институции. Без овие промени во законската рамка, но и во практиката на институциите, не може да се очекува транспарентност во политичкото финансирање, а оттука и фер и легитимен политички натпревар.

Понатаму, клучно е да се обезбедат дополнителни финансиски и човечки капацитети за Државниот завод за ревизија, ако воопшто постои намера оваа институција соодветно да одговори на задачите во контролата на политичкото финансирање. Оваа забелешка ѝ беше укажана на Република Македонија во повеќе наврати, и тоа со препораките на ГРЕКО, но и во извештаи за напредок на РМ од Европската комисија.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Закон за политички партии (Службен весник на Република Македонија бр. 76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13)

Закон за финансирање на политичките партии (Службен весник на Република Македонија бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13)

Закон за спречување на корупцијата (Службен весник на Република Македонија бр. 28/02,46/04,126/06,10/08,161/08,145/10)

Изборен законик (Службен весник на РМ, бр. 40/06,127/06, 136/08,148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13,14/14)

Извештаи на ДЗР. Достапни на: http://www.dzr.mk/Uploads/17_VMRO_DPMNE_Izborna_smetka_164_mart_2013_KOMPLET.pdf, http://www.dzr.mk/Uploads/17_VMRO_DPMNE_Izborna_smetka_114_mart_2013_KOMPLET.pdf,

http://www.dzr.mk/Uploads/17_VMRO_DPMNE_Redovna_smetka_2012.pdf, http://www.dzr.mk/Uploads/17_VMRO_DPMNE_Izborna_smetka_118_mart_2013_KOMPLET.pdf

Евалуација на ГРЕКО од третиот круг на оцена на транспарентност на финансирањето на политичките партии. Достапно на:

https://www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/evaluations/round3/GrecoRC3(2014)2_Second_The%20former%20Yugoslav%20Republic%20of%20Macedonia_EN.pdf

Парите во политиката, Годишен извештај за 2013 г., Транспарентност во финансирањето на политичките партии. Достапно на: http://transparentnost-mk.org.mk/Upload/dokumenti/transparentnost%20vnatreshen%20del%20ANG%20za%20na%20web%2002.pdf

Годишен извештај на Транспарентност Македонија за состојбите со корупцијата и организираниот криминал во РМ за 2013 г. Достапно на: http://transparentnost-mk.org.mk/Upload/dokumenti/Annual2013(1).pdf

Macedonia Lobbying & Lobbyist Topics Достапно на:

http://foreign.influenceexplorer.com/contact-table?client_id=129955

http://foreign.influenceexplorer.com/payment-table?client_id=129955

http://foreign.influenceexplorer.com/payment-table?reg_id=5753

http://foreign.influenceexplorer.com/payment-table?client_id=130251&

http://foreign.influenceexplorer.com/contact-table?reg_id=5753&client_id=129955

http://foreign.influenceexplorer.com/contact-table?recipient_id=141322

http://lobbyit.com/?gclid=CM6lv7XOl8gCFcFsGwodWXoO6w

http://www.orion-strategies.com/pages/services/government-relations.html

https://www.lobbyists.info/Washington-Representatives

http://awpcfederalaffairs.com/what-we-do.html

http://www.fara.gov/docs/5402-Supplemental-Statement-20080729-7.pdf

# ПРОФИЛ НА АВТОРИТЕ

**АНА ЈАНЕВСКА-ДЕЛЕВА** е дипломиран политиколог на „Schiller International University“, (Лондон, Велика Британија и Хајделберг, СР Германија). Учествувала на повеќе научни и истражувачки проекти. Коавтор е на публикациите „Заробена демократија“, „Транспарентост на буџетскиот процес кај општините во РМ“, „Право на пристап до информации од јавен карактер“.

**ЦВЕТАНКА МИХАЈЛОВСКА** е дипломиран психолог. Активна е во невладиниот сектор од 2005 г. Има учествувано на повеќе истражувачки проекти поврзани со транспарентност во општински буџети поврзани со избори.